**Обраќање на министерот за култура на Република Македонија, Роберт Алаѓозовски, за време на свеченото отворање на 27-миот Меѓународен фестивал Пролетни веселби „Хид Бах Шен Фест“ на 5 мај 2018 во с.Чалакли, Валандовско...**



Почитуван г. Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, почитувани пратеници во Собранието на Република Македонија, почитувани колеги министри и членови во Владата на Република Македонија, почитуван градоначалник на Општина Валандово Перо Костадинов, почитувани екселенции, почитувани претставници на граѓанскиот сектор и медиумите, драги учесници и гости,

Големо е задоволството да се присуствува на овој уникатен фестивал, особено откако успеавме прославувањето на „Х'дерлез“ да го впишеме во Репрезентативната листа на УНЕСКО за нематеријално културно наследство на човештвото. Оваа мултинационална апликација што ја поднесовме со Република Турција, како и другата успешна апликација за впишување на обичајот „Мартинки“ во листата на УНЕСКО на која работевме заедно со институциите на Бугарија, Романија и Молдавија, претставуваат вистински патоказ за правецот во кој треба да се развива регионалната соработка.

Воедно, би сакал да истакнам дека преку поддршката на Владата на Република Македонија и Министерството за култура за овој фестивал, уште еднаш сакаме да ја демонстрираме нашата недвосмислена заложба за унапредување на правата на сите граѓани на Македонија, за изградба на едно општество, со еднакви права, за сите нас.


Convention for the Safeguarding
of the Intangible Cultural Heritage
Spring celebration, Hidrellez

